## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА И УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ДИРИГИРАЊЕ И КОМПОЗИЦИЈА И ЏЕЗ АНСАМБЛ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1402-127/10 од 16.12.2015 година донесена на 13. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 16.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научната и уметничка област диригирање и композиција и џез ансамбл на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– м-р Валентина Велковска-Трајановска, вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна и уметничка област теорија на музиката и композиција, претседател;
– м-р Сашо Поповски, доцент на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна и уметничка област видови на инструменти – џез гитара, член;
– д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област музикологија, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката м-р Ивана Јанков, хонорарно ангажирана како стручњак од пракса на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ивана Јанков** е родена 15 јуни 1975 год. во Бор, Р. Србија. Своето музичко образование го започнува во нижо музичко училиште во Крагуевац, каде што го продолжува и своето средно образование и матурира на теоретскиот оддел во 1994 год. Во 1994/1995 год. кандидатката се запишува на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот на уметности во Белград, каде што дипломира на Катедра за диригирање во класа на ред. проф. м-р Даринка Матиќ-Маровиќ. Како дел од дипломскиот испит кандидатката диригира вокално-инструментално дело за хор, оркестар и вокални солисти *Магнификат* од Ј.С. Бах. На 26.3.2001 год. студиите ги завршува со просечна оценка 10 по главен предмет - Диригирање и просечна оценка на студиите 8,09 и се стекнува со звање дипломиран диригент.

Во учебната 2010/2011 г. се запишува на втор циклус студии на Одделот по теорија на музиката и музичката педагогија на Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Магистрира на 13.6.2013 год. со трудот „*Музичките особености и нивните карактеристики во вокалната* кантата ’Псалми’ од композиторот Стојан Стојков“ со просечна оценка на магистерски студии 9 и се стекнува со звање магистер по теорија на музика и музичка педагогија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање насловен доцент од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

– Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки-магистер по теорија на музика и музичка педагогија;
– успех од најмалку 8 како просечна вредност на студиите на прв и втор циклус (8,55);

– изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство);
– покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност.

| Бр. | Изведувач | Наслов на трудот / вид музичка активност | Место на одржување | Датум на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Диригент | Целовечерен концерт „Музичка вечер со Градскиот хор“ | Мултимедијален центар УГД- Штип | 2014 |
| 2 | Диригент | Целовечерен концерт „Гласови на Европа“ | Градски плоштад, Охрид | 2014 |
| 3 | Диригент | Целовечерен концерт „Танци – вечна инспирација“ | Концертна сала на музичката академија, Штип | 2014 |
| 4 | Диригент | Целовечерен концерт „Скандинавистика“ | Битеф - театар Белград | 2002 |
| 5 | Диригент | Целовечерен концерт со женски хор „Падинке” | Сава Центар, Белград | 1999 |
| 6 | Диригент | Целовечерен концерт „Лицеум“ | Меѓународен фестивал на камерни хорови во Крагуевац, Р.Србија | 1996 |

***Наставно-образовна научноистражувачка дејност***

Од 2011 год. до денес кандидатката м-р Ивана Јанков е хонорарно ангажирана како стручњак од практиката на Музичката академија при УГД- Штип, на Вокално-инструменталниот, Џез одделот и Одделот по теорија на музиката и музичка педагогија по предметите: Оркестар, Хорско диригирање, Свирење на хорски партитури. За потребите на наставата м-р Ивана Јанков има издадено и рецензирана скрипта по предметот Основи на хорско диригирање, прикачена во е-библиотеката на УГД.

Од 2000 до 2002 год кандидатката работи на работното место диригент на хор, оркестар на хармоники и гудачки оркестар, како и на работното место професор по предметите: Хорско диригирање, Музички инструменти и Свирење на хорски партитури во основно и средно музичко училиште „Ватрослав Лисински“ во Белград. Од 1998 до 2000 год. кандидатката работи како наставник по музичка култура во основно училиште „Стеван Сремац“ во Белград.

Кандидатката м-р Јанков Ивана успешно се претставува како хорски диригент на европската работилница „Гласови на Европа“ во организација на YEN Youth of European Nationalities, каде што раководи со голем мешан хор со членови од неколку различни европски земји во Охрид, 2014 год.

***Научноистражувачка дејност***

7. Јанков, Ивана (2012). „Акордската структура застапена во вокалната кантата Псалми од композиторот Стојан Стојков“ Годишен зборник 2012 г. на ФМУ/УГД ISSN1857-8659 електронска верзија.

Тема на овој труд е диференцирање на различните акордски структури кои го сочинуваат хармонскиот јазик на вокална кантата „Псалми“ од композиторот Стојан Стојков, како и статистички пристап кон нивната застапеност во делото. Делото се карактеризира со употреба на елементи од македонското духовно музичко наследство кое влече корени од византиското пеење, потоа употребува барокна полифона техника и воедно користи определени мелодиско-хармонски елементи карактеристични за современата музичка мисла. На кој начин се вклопуваат овие различни стилски периоди, гледано низ призма на акордската структура, ќе биде проследено во понатамошниот текст.

8. Јанков, И., Гавриловски, Г. (2012). „Анализа на музичките параметри од аспект на интерпретација во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов“ Струшка музичка есен 2012 г. ISSN ISBN 978-9989-801-10-5 (http://eprints.ugd.edu.mk/6788/)

Во овој труд се претставени хорски композиции на Стефан Гајдов како еден од најзначајните претставници на првата повоена генерација македонски композитори. Најголемиот дел од неговиот исклучително богат творечки опус му припаѓа на хорското творештво. Доминантно место заземаат композициите инспирирани од македонскиот фолклор. Всушност, хорските дела на Стефан Гајдов кои се инспирирани од фолклорот ги карактеризира јасна и условно кажано едноставна концепција. Во рефератот по повод јубилејот – 20 години од смртта на композиторот ќе се осврнеме врз анализа на музичките параметри од аспект на интерпретацијата. Ќе ги посочиме доминантните музички параметри и нивната улога при креирање на композиторовата идеја. За анализа ги избравме следниве композиции за мешан хор: „Ајде слушај Анѓо", 1927; „Момиче мало ѓаволо", 1928; „Собрале ми се…", 1934; „Тодоро, љубе", 1928; „Не ми карајте ќерето", 1940; „Мамо, главата ме боли" (објавена 1959) и композиција за машки хор „Се запали одајчето", 1936.

9. Јанков, И. (2011). „Музичките изразни средства и нивните особености во делото Пасакаља за еден херој од композиторот Томислав Зографски (1934-2000)". Годишен зборник на ФМУ/УГД, 2011,ISSN 1857-7296 9.
10. Јанков, И. (2011). „Музичките изразни средства и нивните особености во вокалната кантата Псалми од композиторот Стојан Стојков", списание „Музика" бр. 17, 2011г. UDK 78 (05) ISSN 1409-6579/ 781:784.5 (497.7) (049.3)

***Стручно-уметнички активности***

Кандидатката м-р Јанков Ивана подолго време активно работи и концертира како хорски и оркестарски диригент, како и диригент на разнородни џез ансамбли. Во продолжение следи преглед на концертните активности:

11. Новогодишниот концерт со солисти, хор и оркестар на Музичката академија во Мултимедијалниот центар УГД-Штип, 23.12.2014;
12. Настап со Градски хор – Штип на 44. Републички фестивал „Илинденски денови", Битола, 31.7.2014;
13. Настап со оркестарот на Музичката академија при УГД на првиот Меѓународен арт фестивал „Дојрана" (Прва награда во категорија Оркестри) Дојран, 7.7.2014 г.;
14. Настап со оркестарот на Новогодишниот концерт на Вокално-инструменталниот оддел на МА при УГД-Штип, 25.12.2013 г.;
15. Настап со хорот на МА на Новогодишниот концерт на Џез одделот во Штип, 18.12.2012 г.;
16. Настап со хорот на МА при УГД на Годишниот концерт на ВИ оддел, Уметничка галерија „Безистен", Штип, 12.6.2012 г.;
17. Настап со хорот на МА на Новогодишниот концерт, Мултимедијален центар при УГД, Штип, 20.12.2011 г.;
18. Настап со женски хор „Падинке" во свечена сала на Општина Палилула, Белград, 10.10.2001 г.;
19. Настап со женски хор „Падинке" на културната манифестација „Бањско културно лето", Соко бања, 20.7.2000 г.;
20. Настап со женски хор „Падинке" на мировната манифестација „Со песна за мир", Трг Републике, Белград, 22.5.1999 г.;
21. Настап со Академски камерен хор „Лицеум" - на „Новогодишниот концерт на музичките уметници на градот Крагуевац", сала на Прва крагуевачка гимназија, Крагуевац, 12.1.1996 г.;
22. Настап со Академски камерен хор „Лицеум" на гала концертот „Хор Лицеум и неговите гости" по повод петта годишнина од хорот, Крагуевац, 26.12.1995 г.;
23. Настап со Академскиот камерен хор „Лицеум" и вокален солист во „Опело" на С. Мокрањац во Соборниот храм во Крагуевац, во рамките на Првиот фестивал на камерни хорови, 28.8.1995 г.;
24. Учество во меѓународна музичка работилница „Гласовите на Европа", Охрид, 2014 год.

Врз основа на наведените активности се изведува заклучок дека м-р Ивана Јанков, користејќи го искуството од стручно-уметничките активности, успешно ја развива и надградува и својата научноистражувачка дејност. Напоредо константно ја збогатува уметничката кариера. Работејќи со разновидни вокални и инструментални состави, таа е соочена со потреба да реоркестрира и аранжира музички дела.

М-р Ивана Јанков, во изминативе четири години беше еден од најактивните учесници на концертите во организација на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, каде што се појавува во улога на диригент на хор и/или оркестар, како и аранжер и оркестратор на повеќето изведени композиции. Треба да се истакне освоената прва награда во категорија Оркестри на Меѓународниот арт фестивал „Дојрана“ во 2014 година, каде што настапи со оркестарот на Музичката академија што покажува дека таа е исклучително посветена на работа, надминувајќи ги захтевите на студиските програми.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

25. Признание за учество во „Гласови на Европа“ под покровителство на Советот на Европа (Council of Europe), 2014.
26. Прва награда со оркестарот на Музичката академија при УГД на Првиот меѓународен арт фестивал „Дојрана“, 2014.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од севкупната наведена наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-уметничка дејност, како и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката, констатираме дека м-р Ивана Јанков ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање насловен доцент за наставното-научната и уметничка област диригирање и композиција и џез ансамбл, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни и уметнички и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на наведеното м-р Ивана Јанков претставува личност која во широк обем ги задоволува критериумите поставени во Конкурсот. Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за научноистражувачката дејност преку објавени трудови, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и диригирање. Особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет да го усвои нашиот предлог и **кандидатката м-р Ивана Јанков да се избере во насловно звање доцент за наставно-научната и уметничка област диригирање и композиција и џез ансамбл на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Валентина Велковска-Трајановска,**
**вонреден професор, претседател, с.р.**
**М-р Сашо Поповски, доцент, член, с.р.**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска,**
**вонреден професор, член, с.р.**

**Т А Б Е Л А**
**НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (ред.бр.1-3, во земјава/ред.бр.4-6 во странство) | 3 | 3 | 3 | 6 | 27 |
| **7** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (ред.бр.11-17 во земјава/ред,бр,18-23 во странство) | 7 | 2 | 6 | 4 | 38 |
| **8** | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт (работилницата) (ред.бр.24) | 1 | 2 | | | 2 |
| **11** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **21** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди (ред.бр.25) | 1 | 5 | | | 5 |
| | | | | | **ВКУПНО** | **74** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **5** | Труд во стручно списание (ред.бр.10) | 1 | 2 | | | **2** |
| **6** | Труд објавен во зборник од трудови од стручен собир (ред.бр.7,8,9) | 3 | 2 | | | **6** |
| **19** | Стручни награди и признанија (ред.бр.26) | 1 | 4 | | | **4** |
| | | | | | **ВКУПНО** | **12** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **86** |